# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 27 февруари 1976

БЕЛГРАД

БРОЈ 8 ГОД. XXXII

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1976 година изнесува 420 динари. — Редакција Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732: Комерцијален сектор 651 671 Телекс 11756


**74.**

Врз основа на член 2 од Законот за користење на средствата од надоместокот за стопански риболов во крајбрежното море на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/74), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНА ДЕВИЗНА КВОТА НА СР ХРВАТСКА И СР ЦРНА ГОРА ЗА СТОПАНСКИ РАЗВОЈ НА МОРСКОТО РИБАРСТВО

1. На Социјалистичка Република Хрватска и на Социјалистичка Република Црна Гора од динарската вредност остварена од надоместите на странски рибарски бродови за извршен стопански риболов во крајбрежното море на Југославија им се одобрува посебна девизна квота во височина од 20% во девизите во кои е наплатен надоместот.

2. Девизните средства од точка 1 на оваа одлука можат да се употребат за плаќање на увозот на опрема што не се произведува во Југославија, а служи за унапредување на морското рибарство.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 71
18 февруари 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

**75.**

Врз основа на член 27 став 1, член 55 став 2 и член 56 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74) и член 59 од Основниот закон за заштита на растенијата од болести и штетници („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65), во согласност со директорот на Југословенскиот завод за стандардизација, претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

### ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОРМИТЕ НА КВАЛИТЕТОТ, ЗА ПАКУВАЊЕТО, ПЛОМБИРАЊЕТО И ДЕКЛАРИРАЊЕТО НА СЕМЕТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Во Правилникот за нормите на квалитетот, за пакувањето, пломбирањето и декларирањето на семето на земјоделски растенија („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/75) во член 34 зборовите: „најмногу 3 месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник" се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 30 јуни 1976 година".

Член 2

Во Нормите за квалитетот на семето на земјоделски растенија, што се составен дел од Правилникот за нормите на квалитетот, за пакувањето, пломбирањето и декларирањето на семето на земјоделски растенија, во оддел II. Други норми за квалитетот на семето на земјоделски растенија, точка 4 се менува и гласи:

„4. Доработка на семе од сончоглед се врши со системот на сита што обезбедуваат издвојување на семето од сончоглед чија тежина на 1000 зрна е од 60 до 100 г."

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 8-3684/1
9 февруари 1976 година
Белград

Заменик-претседател
на Сојузниот комитет
за земјоделство,
**Бранко Турудија**, с. р.

**76.**

Врз основа на член 7 став 8 од Законот за надомест на делот на негативните курсни разлики по работите на извозот настанати со измената на системот на курсот на динарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/75), сојузниот секретар за финансии пропишува

### УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО, ЗА ТЕКСТОТ И ОБЛИКОТ НА ОБВРЗНИЦИТЕ ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА СПРЕМА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ПО ОСНОВ НА НЕГАТИВНИТЕ КУРСНИ РАЗЛИКИ

1. За намирување на обврските на федерацијата спрема организациите на здружен труд по основ на негативните курсни разлики по работите на извозот на стоки и услуги настанати со измената на системот на курсот на динарот од 12 јули 1973 година, согласно со одредбите од Законот за надомест на делот на негативните курсни разлики по работите на извозот настанати со измената на системот на курсот на динарот (во натамошниот текст: Законот), се издаваат обврзници на федерацијата.

2. Обврзниците на федерацијата се издаваат во апоени од 500, 1.000, 5.000 и 10.000 динари.

3. Обврзниците на федерацијата гласат на доносител.

4. Обврзницата на федерацијата се состои од два дела. Првиот дел се вика обврзница (плашт на обврзницата) и врз него се отпечатени сите битни елементи што мора да ги содржи обврзницата на федерацијата. Другиот дел се вика талон и се состои од пет ануитетски купони, врз основа на кои имателот на обврзницата на федерацијата го наплатува своето побарување од федерацијата.

5. Текстот на предната страна на плаштот од обврзницата на федерацијата гласи:

„Серија Број ——————

Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Обврзница

За намирување на обврските на федерацијата по основ на негативните курсни разлики настанати по работите на извозот на стоки и услуги (следува ознака на номиналната вредност на обврзницата од 500, 1.000, 5.000 и 10.000 динари), кој износ Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе му го исплати на доносителот на обврзницата, со камата од 8%, во пет еднакви годишни ануитети, преку Службата на општественото книговодство.

Ануитетските купони втасуваат за исплата на 1 јули секоја година.

Првиот ануитетски купон втасува за исплата на 1 јули 1976 година.

Обврската на федерацијата по оваа обврзница се намирува врз основа на ануитетските купони што се составен дел на обврзницата.

Со исплатата на петтиот ануитетски купон престанува обврската на федерацијата по оваа обврзница.

При исплатата на последниот ануитетски купон се враќа и плаштот на обврзницата.

Обврзницата е издадена на 30 јуни 1975 година во Белград.

Сојузен секретар за финансии
Момчило Цемовиќ, с. р."

6. Текстот на грбот на плаштот од обврзницата гласи:

„Оваа обврзница се издава врз основа на Законот за надомест на делот на негативните курсни разлики по работите на извозот настанати со измената на системот на курсот на динарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/75).

Работите на издавањето на обврзниците и ануитетската служба ги врши Народната банка на Југославија, а исплатата на втасаните купони по обврзниците — Службата на општественото книговодство.

По оваа обврзница се пресметува камата по стапка од 8% годишно до денот на нејзината амортизација. Каматата пресметана од 1 јануари 1974 година до 30 јуни 1975 година се додава на износот на ануитетските купони.

При пресметувањето на каматата месецот се смета со 30 дена.

Правото на наплата на ануитетските купони застарува за 3 години од денот на нивната втасаност за наплата."

7. Текстот на ануитетскиот купон број 1 од обврзницата од 500, 1.000, 5.000 и 10.000 динари гласи:

„Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Серија Број ——————

Ануитетски купон број 1
Обврзница за обезбедување средства за покривање на негативните курсни разлики настанати по работите на извозот на стоки и услуги.
Динари (следува ознака на износот од 137,274, 1.370 и 2.740 динари).
Втасува за наплата на 1 јули 1976 година."

8. Текстот на ануитетскиот купон број 2 на обврзницата од 500, 1.000 5.000 и 10.000 динари гласи:

„Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Серија Број ——————

Ануитетски купон број 2
Обврзница за обезбедување средства за покривање на негативните курсни разлики настанати по работите на извозот на стоки и услуги.
Динари (следува ознака на износите од 137, 274, 1.370 и 2.740 динари).
Втасува за наплата на 1 јули 1977 година."

9. Текстот на ануитетскиот купон број 3 на обврзницата од 500, 1.000, 5.000 и 10.000 динари гласи:

„Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Серија Број ——————

Ануитетски купон број 3
Обврзница за обезбедување средства за покривање на негативните курсни разлики настанати по работите на извозот на стоки и услуги.
Динари (следува ознака на износите од 137, 274, 1.370 и 2.740 динари).
Втасува за наплата на 1 јули 1978 година."

10. Текстот на ануитетскиот купон број 4 на обврзницата од 500, 1.000 5.000 и 10.000 динари гласи:

„Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Серија Број ——————

Ануитетски купон број 4
Обврзница за обезбедување средства за покривање на негативните курсни разлики настанати по работите на извозот на стоки и услуги.
Динари (следува ознака на износите од 137, 274, 1.370 и 2.740 динари).
Втасува за наплата на 1 јули 1979 година."

11. Текстот на ануитетскиот купон број 5 на обврзницата од 500, 1.000 5.000 и 10.000 динари гласи:

„Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Серија Број ——————

Ануитетски купон број 5
Обврзница за обезбедување средства за покривање на негативните курсни разлики настанати по работите на извозот на стоки и услуги.
Динари (следува ознака на износите од 137, 274, 1.370 и 2.740 динари).
Втасува за наплата на 1 јули 1980 година."

12. Сите текстови на обврзницата ќе се печатат на српскохрватски, хрватски книжевен, словенечки и македонски јазик.

13. Народната банка на Југославија, по добивањето на прегледаните и заверените барања од страна на народните банки на републиките, односно

народните банки на автономните покраини, ќе им ги врачи обврзниците на организациите на здружен труд.

Обврската на федерацијата според законот помала од 500 динари, Народната банка на Југославија ќе ја исплати во готови пари при предавањето на обврзниците.

14. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-2258/1
16 февруари 1976 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Момчило Цемовиќ**, с. р.

---

## 77.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „THE TIMES"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „The Times", од 30 јануари 1976 година, што излегува на англиски јазик во Лондон, Велика Британија.

Бр. 650-1-32/307
10 февруари 1976 година
Белград

Заменик-сојузен
секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

---

## 78.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „KATOLIČKI GLAS"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Katolički glas", број 47 од 27 ноември 1975 година, што излегува на словенечки јазик во Горица, Италија.

Бр. 650-1-12/245
12 февруари 1976 година
Белград

Заменик-сојузен
секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

## 79.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ" бр 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ЕНЦИКЛОПЕДИЈАТА „THE GOLDEN BOOK ENCYCLOPEDIA"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на енциклопедијата „The Golden Book Encyclopedia" од Berthe Morris Parker, што е отпечатена на англиски јазик во издание на Golden Press, Њујорк, Соединети Американски Држави.

Бр. 650-2-43/2
10 февруари 1976 година
Белград

Заменик-сојузен
секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

---

## 80.

Врз основа на член 18 став 3 и член 35 став 3 од Законот за исправите и книгите на поморските бродови и на пловилата за внатрешна пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/64 и 20/69), претседателот на Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛУКИТЕ И ПРИСТАНИШТАТА ВО КОИ СЕ ИЗДАВА СВИДЕТЕЛСТВО ЗА ДЕРАТИЗАЦИЈА И СВИДЕТЕЛСТВО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДЕРАТИЗАЦИЈА

1. Свидетелството за дератизација и свидетелството за ослободување од дератизација што мораат да ги имаат поморските бродови што вршат меѓународни патувања, ги издаваат овластените работници во Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита — граничните санитарни инспектори во луките Копер, Пула, Риека, Задар, Шибеник, Сплит, Дубровник и Бар, а само свидетелство за ослободување од дератизација — граничните санитарни инспектори во луките Мал Лошињ, Корчула и Плоче.

2. Свидетелството за дератизација и свидетелството за ослободување од дератизација, што мораат да ги имаат пловилата на внатрешната пловидба што вршат меѓународни патувања, ги издаваат овластените работници во Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита — граничните санитарни инспектори во пристаништата Белград и Нови Сад.

3. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за определување луките и пристаништата во кои може да се издава свидетелство за дератизација и свидетелство за ослободување од дератизација („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/67).

4. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 04/2-394/1
6 февруари 1976 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за здравство и
социјална заштита,
**Зора Томиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ, во согласност со мерките што се преземаат заради подобрување на положбата на југословенските работници на привремена работа во странство, а посебно на нивното образование (основно и насочено) и стручното оспособување како значајни услови за подобрување на нивната општествена и материјална положба во работата и за нивното побрзо вклучување во работа по враќањето во Југославија, тргнувајќи од потребите тие активности да се спроведуваат организирано и усогласено, Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките, извршните совети на собранијата на автономните покраини, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, републичките и покраинските совети на Сојузот на синдикатите, Стопанската комора на Југославија, републичките и покраинските стопански комори склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Образованието на југословенските работници на привремена работа во странство се врши во согласност со усвоените основи на политиката за воспитување и образование и со организацијата на воспитно-образовната работа од страна на републиките и автономните покраини.

Член 2

Образованието на југословенските работници на привремена работа во странство се спроведува во согласност со потребите на југословенското општество, посебно со потребите на стопанството, со можностите за вработување и земајќи ги предвид и желбите и способностите на работниците за професионален развој.

Член 3

Образованието на југословенските работници на привремена работа во странство можат да го вршат само оние организации на здружен труд во областа на образованието што се овластени за тоа од надлежните републички и покраински органи за образование. Со овластувањето се определува видот и обемот на образовната дејност што ќе ја вршат тие организации.

Член 4

Основните критериуми за давање овластување на организациите на здружен труд во областа на образованието за работа врз образование на југословенските работници на работа во странство се единствени.

На организација на здружен труд во областа на образованието и се дава овластување за работа во странство под следните услови:

1) образовната дејност што има намера да ја врши во странство успешно да ја врши и во Југославија и за таа работа да добила одобрение од надлежниот орган во републиката или автономната покраина;

2) за наставната дејност во странство да обезбеди стручни и морално-политички подобни кадри.

Организацијата на здружен труд во областа на образованието може да почне да ја врши во странство истата образовна дејност што ја врши и во Југославија ако ги обезбедила основните услови за работа пропишани за таа образовна дејност во републиката или автономната покраина на чија територија е нејзиното седиште.

Член 5

Организациите на здружен труд во областа на образованието овластени да работат врз образование на југословенските работници на привремена работа во странство, како и оние што веќе спроведуваат образовни активности во странство, склучуваат самоуправна спогодба, со која се уредуваат:

1) единственото настапување во странство во поглед на спроведувањето на образовните активности;

2) меѓусебната координација на работата;

3) критериумите за избор на наставен и друг стручен персонал, и можностите на нивното оспособување и усовршување;

4) приближната цена на образовната работа;

5) унапредувањето на квалитетот на наставната работа и на наставните програми;

6) начинот на поврзувањето и соработката со соодветните странски органи и организации;

7) организацијата на работата и подрачјата на дејствувањето;

8) другите прашања од интерес за работата на организациите на здружен труд во областа на образованието што спроведуваат образование на југословенските работници на привремена работа во странство.

Организацијата на здружен труд во областа на образованието што не ќе ја потпише самоуправната спогодба не може да се занимава со образование на работниците на привремена работа во странство.

Член 6

Организациите на здружен труд во областа на образованието што работат врз образование на југословенските работници на привремена работа во странство се должни да соработуваат со југословенските дипломатски и конзуларни претставништва во странство, како и со југословенските културно-информативни центри, со клубовите на југословенските работници и со претставништвата на стопанските комори.

Член 7

Наставните планови и програми на организациите на здружен труд во областа на образованието според кои се врши образование на југословенските работници на привремена работа во странство мораат, по правило, да бидат идентични со наставните планови и програми за образованието на возрасни според кои се врши образованието во Југославија, и за нив не треба да се прибави одобрение од надлежните органи во републиките и автономните покраини.

За занимањата и струките за кои југословенските работници во странство се интересираат најмногу, треба да се изработат посебни наставни планови и програми, приспособени кон фактичните потреби.

Член 8

Стручно-педагошки надзор и увид во работата на организациите на здружен труд во областа на

образованието што работат врз образование на југословенските работници на привремена работа во странство, вршат надлежните органи во републиките и автономните покраини.

Член 9

Заради единствено и организирано истапување во областа на образованието на југословенските работници на привремена работа во странство се формира Меѓурепубличко-покраинска координациона комисија.

Меѓурепубличко-покраинската координациона комисија ја сочинуваат по еден претставник на републиките и автономните покраини и по еден претставник на Сојузниот извршен совет, на Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија и на Стопанската комора на Југославија.

Седиштето на Меѓурепубличко-покраинската координациона комисија е во Сојузното биро за работи на вработувањето.

Член 10

Основните задачи на Меѓурепубличко-покраинската координациона комисија се:

1) усогласувањето и насочувањето на политиката на образованието на југословенските работници на привремена работа во странство;

2) координацијата на работата и размената на искуства за сите прашања што ги регулира овој општествен договор;

3) следењето на применувањето на овој општествен договор и на самоуправните спогодби склучени помеѓу организациите на здружен труд за образование што работат врз образование на југословенските работници на привремена работа во странство;

4) договарањето за сите битни прашања од областа на образованието на југословенските работници на привремена работа во странство.

Меѓурепубличко-покраинската координациона комисија е должна најмалку еднаш годишно да поднесува извештај за својата работа до потписниците на овој општествен договор.

Член 11

Сојузното биро за работи на вработувањето ги врши стручните, административните и организационите работи што се однесуваат на образованието на југословенските работници на привремена работа во странство, а што ќе му ги довери Меѓурепубличко-покраинската координациона комисија.

Член 12

Сојузот на синдикатите на Југославија се обврзува, во соработка со синдикатите на други земји и преку своите претставници во земјите во кои работат југословенски работници, да придонесува да се обезбедат услови и можности за образование на југословенските работници и тие работници да бидат информирани за можностите на образованието.

Член 13

Извори на финансирањето на образованието на југословенските работници на привремена работа во странство се:

1) средствата на работодавците и на органите и организациите во земјите во кои се наоѓаат на привремена работа југословенските работници;

2) личните средства на работниците;

3) средствата на заедниците за вработување и на соодветните самоуправни интересни заедници во областа на основното и насоченото образование;

4) средствата на организациите на здружен труд и на нивните асоцијации;

5) другите средства издвоени за оваа цел во републиките и автономните покраини.

Член 14

Организациите на здружен труд во областа на образованието што се занимаваат сега со образование на југословенските работници на привремена работа во странство се должни да прибават од надлежниот орган согласност за работата и својата идна работа да ја усогласат со одредбите на овој општествен договор.

Член 15

Сите подготовки за реализација на овој општествен договор ќе се извршат до почетокот на учебната 1976/77 година.

Член 16

Овој општествен договор влегува во сила наредниот ден од денот на потпишувањето и ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

24 декември 1975 година
Белград

За Сојузниот извршен совет
претседател на Сојузниот комитет
за труд и вработување,
**Светозар Пеповски**, с. р.

За Извршниот совет
на СР Босна и Херцеговина
републички секретар за образование
и култура,
**Звонко Петровиќ**, с. р.

За Извршниот совет на СР Црна Гора
републички секретар за труд, здравство
и социјална заштита,
**Бранко Почек**, с. р.

За Извршниот совет на СР Хрватска
републички секретар за просвета,
култура и физичка култура,
**Стипе Шувар**, с. р.

За Извршниот совет на СР Македонија
републички секретар за труд и работни
односи,
**Душко Георгиевски**, с. р.

За Извршниот совет на СР Словенија
претседател на Комитетот за воспитување
и образование,
**Ела Улрих-Атена**, с. р.

За Извршниот совет на СР Србија
републички секретар за образование
и наука,
**Владимир Стевановиќ**, с. р.

За Извршниот совет на САП Војводина
покраински секретар за образование,
наука и култура,
**Миленко Николиќ**, с. р.

За Извршниот совет на САП Косово
секретар на Советот за здравство,
социјална политика и труд,
**Божидар Чолаковиќ**, с. р.

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Југославија
секретар,
**Боро Петковски**, с. р.

За Советот на СС на Босна и Херцеговина
претседател на Комисијата на Советот
за вработување во земјата и странство
и за меѓународна соработка на синдикатите,
**Радослав Росо,** с. р.

За Советот на СС на Црна Гора
претседател на Комисијата на Советот за
меѓународна активност,
**Милан Милиќ,** с. р.

За Советот на СС на Хрватска
престедател,
**Милутин Балтиќ,** с. р.

За Советот на СС на Македонија
потпретседател,
**Славка Георгиева-Андреевиќ,** с. р.

За Советот на СС на Словенија
претседател,
**Јанез Барборич,** с. р.

За Советот на СС на Србија
потпретседател,
**Радисав Манчиќ,** с. р.

За Советот на СС на САП Војводина
претседател на Комисијата на Советот за
образование, наука и култура,
**Олга Виторовиќ,** с. р.

За Советот на СС на САП Косово
претседател,
**Бахри Оручи,** с. р.

За Стопанската комора на Југославија
претседател,
**Илија Вакиќ,** с. р.

За Стопанската комора
на Босна и Херцеговина
претседател,
**Радован Макиќ,** с. р.

За Стопанската комора на Црна Гора
потпретседател,
**Блажо Богетиќ,** с. р.

За Стопанската комора на Хрватска
претседател
**Милан Рукавина-Шаин,** с. р.

За Стопанската комора на Македонија
потпретседател,
**Киро Роглев,** с. р.

За Стопанската комора на Словенија
претседател на Комисијата за кадри и
образование.
**Јоже Гачник,** с. р.

За Стопанската комора на Србија
претседател,
**Петар Костиќ,** с. р.

За Стопанската комора на САП Војводина
претседател,
**Јон Србован,** с. р.

За Стопанската комора на САП Косово
претседател,
**Авди Бакали,** с. р.

**82.**

Врз основа на член 79 ст. 1 и 2 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/74), Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор, на седницата одржана на 20 февруари 1976 година, а откако утврди дека на еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од САП Војводина му престанал мандатот, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗБОР ЗА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ОД САП ВОЈВОДИНА

1. Се распишува дополнителен избор за еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од САП Војводина.

2. Дополнителниот избор ќе се одржи во времето од 30 март до 6 април 1976 година во собранијата на општините на САП Војводина.

3. Денот на одржувањето на изборната седница на собранието на општината го определува претседателот на секое собрание.

4. Роковите за вршење на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен лист на СФРЈ".

5. За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижат, покрај оваа комисија, Покраинската и општинските изборни комисии од територијата на САП Војводина.

Бр. 103
20 февруари 1976 година
Белград

**Комисија за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ**

Секретар
**Светозар Зечар,** с. р

Претседател,
**Јосип Студин,** с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

**Од С Р Црна Гора**

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

**СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА**

Билиниќ Павао арх. Харолд, Петричевиќ Марка Андрија;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Будак Ивана Перо. Новак Проспера др Грга;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Крстуловић Ивана Андрија, Милошевић Андрије Велимир;

Од СР Хрватска

— за долгогодишната револуционерна работа, за особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес за политиката на миролубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите држави

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Жувић Анте Маријан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Билић Јосипа Јуре, Буковић Томе Иван, Цветковић Мије Славко, Капуралин Ивана Антон, Кнебл Матије Фрањо. Крндија Саве Драгомир, Леонтић Ернеста Крунослав, Мајер Антуна Крешимир, Матијаца Антона Шиме, Пикуњић Мије Мијо, Реић Анте Срећко, Сарајчић Ивана Иван. Секулић Крсте Радоје. Сладић Мехе Рамиз;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Антулов Михајла Мате, Барбир Јосипа Анте, Барилић Мате Стјепан, Божић Теодора Илија, Бритвић Мије Крешимир, Брозичевић Ивана Иван, Бурсаћ Максима Јово. Фиаменго Петра проф. др. Анте, Гашпић Анте Никола, Ивошевић Лазе Лако, Калембер Јована Божо, Кнежевић Стјепана Младен, Ковачевић Луке Јосип, Лацковић Игња Мирко, Лелас Николе Јосип. Липовшћак Ивана Миљенко, Лончар Мије Мартин;

Маркоч Николе Томислав, Мирошевић Марина Омер, Мусулин Анте Андрија, Палаворсић Јосипа Анте, Смољановић-Поповић Милана Зора, Станојевић Јосипа Анте, Шперац Ивана Јосип,

Томшич Јосипа Јанез, Валечић Михаела Алојз, Вукмановић Раде Живко;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Брозичевић-Скочилић Ивана Анка, Јурековић Стјепана Стјепан, Јуричић Јураја Павао, Клековић Ивана Фрањо, Метикош Драгана Милан, Момчиловић Мане Милица, Петровић Илије Милан, Тихи Јулијуса Јурај Вученик Винка Фрањо;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Бан Ивана Ђуро, Биланџић Ивана проф. др Душан, Блажевић Ивана Јуре, Брмбота Илије Милан, Бубало Марина Андрија. Бурсаћ-Панцић Марка Милка. Целмић Стјепана Иван, Церјан Стјепана Стјепан, Cernecca Petra Domenico, Црнолатац Ђуре Пајо, Доган Бењамина проф. др Сергије Ђујић Тодора Тоде, Гаће Николе Иван Хирјан-Весењак Ивана др Јелка, Јовановић Грге Јурај Јукић Луке Мато;

Дукић Милоша Стојан, Каштелан Чирила др Јуре, Кезеле Ивана Иван, Малинарић Аугустина Марко, Манестар Фрање Станко, Маравић Петра Миле, Матаија Грге Анте, Милошевић Симе Мирко, Мурета Петра Миховил, Нинић Луке Иво, Пахор Јосипа Максо, Петровић Антуна др Давор, Подунавац Јанка Петар, Поповић Раде Јовица, Прерадовић Милана Никола, Пулишелић Петра Стјепан, Радошевић Николе Никола, Радовић-Јуринац Јанка Марица;

Сингер Јосипа Јакша, Сировец Јосипов Стјепан, Стојевић Антона Фрањо, Сутлић Љубомира проф. др Вања, Шарић-Ремењи Золтана др Сузана, Шаша Дмитра Милан, Шепић Винка проф. др Драгован, Шифтер Стјепана Иван, Шик Бернарда др Теа, Шнобл Стјепана Фрањо, Шоћ Ристе Радован, Winterhalter Dragutina dr Mato, Вуковић Михајла Марија, Загода Ђуре проф. Јурај;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Амановић-Востерл Вацлава Агнеза, Андрашић Антуна Милан, Аралица-Опачић Данила Марта, Бабић Адама Душан Бакотић Дује Бранко, Бибић Илије Никола, Блажичевић Драгутина Иван, Бркљач Миле Марко, Буњевац-Ивановић Фабијана Лиза, Бурсаћ-Јеркић Дмитра Љубица, Цимеша Драгиња Никола, Цвитковић Јосипа Недељка, Долинић Стојана Никола, Дриван Михајла Косић, Флего Саве Олга, Форштнарић-Брижић Мате Катарина, Фумић Стјепана Јурај, Газари Берислава Аљоша, Гошовић Ђуре Блага, Грбић Симе Раде, Грденић-Буљевић Стипе Милка, Гуго Ивана Јосип, Гвоздић Николе Илија, Херцигоња Павла Иван, Хорват-Ловрец Терезија, Хрнчевић-Жупанић Андрије Јелена, Јакоминић Мате Јосип, Јарамаз Глише Сречко, Јаворчић Шпира Марин, Јеличић Јураја Јосип, Јурековић-Радаковић Исе Даница, Калањ Мате Јосип, Коруга Богдана Марија, Крајачић-Милидраг Јована Милена, Краљић Јосипа Јосип, Кувачић Анте Марин, Ламер Фердо Стјепан, Лукин Шимин Шиме, Мајер-Цветковић Ђуре Вера, Марготић Фрање Јосип, Матуловић Анте Милан, Миличевић Васе Љубан, Миљенковић Јанка Никола, Мокосек-Шук Марка Анкица, Мраовић Гаје Јовица;

Незировић-Бећер Јована Гроздана, Ницић Душана Радослав, Нишевић Станка Стево, Новаковић Јанка Владо, Ожеговић Николе Драго, Панцић-Саватовић Јове Смиља, Папа Андре Стјепан, Пејиновић Стеве Сока, Перић Антин Стипе, Петрић Дује Петар, Петричић Николе Драго. Петровић Петра Момчило, Пипек Андрије Марија, Плеше Матије Матија, Радобоља-Буљевић Стипе Анка, Ранић Раде

Стево, Рапајиќ Ѓорѓа инж. Илија, Раусављевиќ Симе Милан, Ресник Винка Мирко, Роксандиќ Јована Ѓуро;

Сориќ Јеролима Анте, Срук Антуна Бранко, Стоисављевиќ Јована Ѓуро, Шегвиќ Анте Петар, Шидак Фрање др Јарослав, Шимуновиќ Мате Иван, Шкаричиќ Јакова Стипе, Тадиќ Ивана Мате, Тонса Изидора Водров, Тумбас Ѓуре Вукашин, Вичиќ Ивана Станко. Витаиќ Ивана Јуре, Врањеш Лазе Милан, Вуковиќ Анте Иван, Живковиќ Милиќа Никола, Живковиќ Милиќа Теодор, Живковиќ Анте Звонко;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Карановиќ Михајла Вукашин, Шариќ-Рушковац Томе Милка;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ференчина Павла Јосип, Лончар Мартина Даница, Сарајчиќ-Годлар Јосипа Марија;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Внучец Антуна Фрањо;

Од СР Македонија

— по повод 60-годишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и за извонредни заслуги во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за развивање и јакнење на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на нашата земја, како и за значаен придонес за нејзината политика на мирот и пријателската соработка со други држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Минчев Борис Никола;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Керамидчиев Манчо Михајло, Поповска-Фидановска Пане Блага;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Бошковски Милан Благоја, Цувалековски Петре Илија, Лешко Илија Генади, Милошевски Перо Михајло;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО и ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Исајловски Гаврило Јово;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Грбовски Лазар Михајло, Крстевски Илија Александар, Симеонов Ѓорѓи Мицко;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата, а по повод 25-годишнината на работата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Свиларскиот комбинат „Нонча Камишова", Титов Велес;

Од СР Србија

— по повод 30-годишнината на работата во социјалистичката заедница, а за извонредни заслуги во создавањето на стручен и научен кадар и за значаен придонес за стопанскиот, општествениот, научниот и културниот развиток на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Универзитетот во Белград;

— за особени заслуги за создавање и развој на здравствената заштита на жените, децата и младината, како и за придонес за унапредување на научно-истражувачката работа, а по повод 25-годишнината од постоењето

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

